РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1978/2
25.12.2023 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

-Р- Александар

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

до: Агенција за млади и спорт
г-дин Наумче Мојсовски

и до: г-дин Насуф Демири
службеник за млади во Агенција за млади и спорт

ул. Македонија број 38 (Палата Панко Брашнаров), 1000 Скопје

од: Биро за развој на образованието

предмет:

Доставување на годишен извештај на службеникот за млади во Бирото за развој на образованието за 2023 година

врска наш број: 03-1979/1 од 13.12.2023

дата: .12.2023 година, Скопје

број на страници: 3

Почитуван/и,

Како надлежна институција за следење на работата на назначените службеници за млади Ви го доставуваме гдишниот извештај на службеникот за млади во Бирото за развој на образованието за 2023 година.

Одобрила: Ајше Ајрулаи,
раководителка на сектор

---------------------------------------------

Подготвил: Александар Јолевски,
помлад соработник

---------------------------------------------

Со почит,
в.д. Директор на Бирото за развој на образованието
Абдулфета Фетаи

М.П.

---------------------------------------------

Прилог: Годишен извештај за 2023 на назначениот службеник за млади/ млади и спорт во Бирото за развој на образованието – Скопје

Врз основа на Законот за младинско учество и младински политики - Службен весник на Република Северна Македонија број 10/2020, член 23 став 2, внатрешните процедури за постапување и работа на назначениот службеник за млади во Бирото за развој на образованието 03-438/5 од 27.12.2021 година, актот од в.д. Директорот на Бирото за развој на образованието со архивски број 03-1297/2 од 04.08.2023 година, и известувањето за доставување на годишен извештај од одговорниот службеникот за млади во Агенцијата за млади и спорт - примен со наш архивски број 03-1979/1 од 13.12.2023 назначениот службеник за млади изготви и поднесе:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023Г.

**Службеникот за млади во Бирото за развој на образованието во текот на 2023 година има реализирано:**

| | | |
|---|---|---|
| **Ликовен конкурс на Бирото за развој на образованието наменет за предучилишните установи, основните и средните училишта** | **1** | **(еден)** |
| **Работни средби за креирање на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за млади 2023-2027 година** | **2** | **(две)** |
| **Презентации на истражувања/конференции** | **3** | **(три)** |

По повод 15-ти март Светскиот ден на потрошувачите, Бирото за развој на образованието во месеците февруари и март презема активности кои се дефинирани со Владината програмата за заштита на потрошувачите и организираше Ликовен конкурс со кој се промовираа правата на потрошувачите во 2023 година под мото „Зајакнување на потрошувачите преку премин кон чиста енергија". Службеникот за млади за потребите на Ликовниот конкурс презема активности за негова успешна организација и реализација. На ликовниот конкурс право на учество имаа децата корисници на услугите на предучилишните установи на возраст од 4-6 години на тема: „СОНЦЕ, ВЕТЕР И ВОДА НАШАТА ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА", учениците во основните училишта на тема наменета за одделенска настава (од 1-во до 5-то одделение) „ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЗЕЛЕНА ПЛАНЕТА", темата за учениците од предметната настава (од 6-то до 9-то одделение) гласеше: „ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЗЕЛЕНА ПЛАНЕТА", учениците од средните училишта имаа можност своите ликовни творби да ги изработат на тема: „ОДРЖЛИВАТА ПОТРОШУВАЧКА И ЗЕЛЕНАТА ЕНЕРГИЈА".

Во периодот од 24.07.2023 до 26.07.2023 година службеникот за млади учествуваше на работилницата организирана од: Агенцијата за млади и спорт, Организацијата за безбедност и соработка во Европа Мисија во Скопје, Фондот за население на Обединетите нации, Програмата за развој на Обединетите нации/ Обединети нации Северна Македонија со цел креирање на Акцискиот план 2023-2025 година за Национаната стратегија за млади 2023-2027 година. Креирањето на предлог Акцискиот план беше спроведено низ 5 сесии. (Приоретизација на мерки за периодот 2023-2025, Развивање на матрица на активности, Временска рамка и одговорна/одговорни нинституција/институции по мерки, Преглед на резултати од работните групи и повратна реакција, Развивање на индикатори, Развивање на финансиска конструкција како и сумирање на постигнатите

резултати и дефинирање на претстојните чекори со цел успешно спроведување на Националната стратегија за млади и нејзиниот акциски план.

Учество на работна средба (15.08.2023 година) со цел разгледување и прецизирање на подготвената нацрт верзија на Акцискиот план за Нацинолананата стратегија за млади.

Промоција на две анализи на конференцијата „Младинските состојби и финансирање на младинските политики во Северна Македонија" организирана од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер - „Младите и пописот на населението" и „Финансирање на младинските политики".

Учество на тркалезната маса (18.10.2023) година посветена на нацрт измените на Законот за младинско учество и младински политики организирана од Клубот за младински прашања и младински политики при Собранието на Република Северна Македонија.

Учество на националната конференција „Низ призмата на младинската работа – Зајакнување на младинската работа и граѓанскиот активизам при дигиталното младинско учество" (15.12.2023 година), организирана од Коалиција на младински организации СЕГА. На конференцијата беа споделени добри практики од пилотирањето на методологии за поттикнување на младинското учество и граѓанскот активизам помеѓу младите.

**подготвил: Александар Јолевски,**
**помлад соработник**
**за меѓународна соработка во**
**Секторот за истражувања во**
**образованието**
**и назначен службеник за млади**

-----------------------------------------

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Архивата на Бирото за развој на образованието,**
**Агенција за млади и спорт,**
**в.д. Директор на Бирото за развој на образованието,**
**в.д. Заменик директор на Бирото за развој на образованието,**
**Раководителката на секторот за истражувања во образованието,**
**Одговорниот службеник за објавување на извештаи на веб-страницата,**
**Назначениот службеник за млади на Бирото за развој на образованието.**